Project funded by the European Union

# Записник од 18-тиот состанок на Групата на заинтересирани страни за прекуграничниот регион "Преспа"

09ти Март, 2018 година, Општина Ресен

Република Македонија

## Учесници на состанокот:

Структурата на учесниците на 18-тиот состанок на Групата на заинтересинрани страни, вклучуваше 44 учесници од прекуграничен регион “Преспа”. Состанокот беше организиран и потпомогнат од страна на претставниците на Единицата за управување со проекти, со помош на Претседателот на Групата за заинтересирани страни (ГЗС) за прекуграничниот регион “Преспа”.

Целосната листа на учесници со контакти и други детали можат да се најдат во:

**ANNEX 1:** Листа на учесници на 18-тиот Состанок на (ГЗС) 09.03.2018
**ANNEX 2:** PPP_Новата ABD 5 фаза
**АНЕКС 3:**PPP_ PPP_Луѓе за Луѓе и LEIWW Грантова шема за прекуграничниот регион “Преспа”

### Програма на состанокот:

### 18-ти состанок на Групата на Заинтересирани Страни за Прекуграничен Регион "Преспа"

09:30 – 10:00 **Пристигнување на учесниците**

10:00 – 10:15 **Поздравен говор**

Г-дин Живко Гошаревски, Градоначалник на општина Ресен (TBC)
Г-ѓа Виола Богдани, Претседател на Групата на заинтересираните страни на прекуграничниот регион “Преспа”
Г-дин Дамјан Сурлевски, Проектен Менаџер SWG

10:15 – 10:40 **Презентација и дискусија за новата фаза од ABD, ЕУ проект "Регионална соработка и вмрежување во областа на земјоделството, руралниот и економскиот развој на прекуграничните региони”**

Г-дин Дамјан Сурлевски, Проектен Менаџер SWG

10:40 – 11:00 **Информативна сесија за резултатите од Повикот Луѓе за Луѓе во прекуграничниот регион “Преспа”**

Г-дин Дарко Бужаровски, Регионален Менаџер на прекуграничниот регион “Преспа”

11:00 – 11:20 **Презентација на работните групи преку иницијативата за формирање на кластери во секторите, развој на туризам и земјоделство во регион “Преспа”**

Г-ѓа Етлева Тимо, Регионален Координатор на Прекуграничниот Регион “Преспа”

11:20 – 11:40 **Дискусија и презентација на новите членови на групата на заинтересирани страни и идните активности**

Г-ѓа Етлева Тимо, Регионален Координатор на Прекуграничниот Регион “Преспа”

11:40 – 12:00 **Заклучоци од состанокот**

12:00 – 13:00 **Ручек**

## Записник од состанокот:

Состанокот започна со поздравниот говор на Проектниот Менаџер од SWG, Г-дин Дамјан Сурлевски, кој ги поздрави учесниците и изрази задоволство за големиот интерес и присуството на членовите на Групата на заинтересирани страни, со што се потврдува интензивирањето на добрата соработка помеѓу членовите на групата на заинтересираните страни во регион “Преспа” во рамки на имплементацијата на АБД пристапот. Дополнително, тој го претстави новиот Регионален Менаџер, Г-дин Дарко Бужаровски и ги покани сите присутни учесници и ново номинирани членови на групата да се претстават и да ги кажат нивните очекувања од присуството на состанокот на Групата на заинтересирани страни.

Во име на општина Ресен се обрати Г-дин Живко Гошаревски, Градоначалник на општина Ресен. Г-динот Живко Гошаревски ги поздрави присутните и изрази задоволство од одржувањето на 18-тиот Состанок на групата на заинтересирани страни во општина Ресен. Тој ја истакна важноста на овие активности во регионот, изразувајќи максимална поддршка и отвореност за идна соработка, а воедно посака плодна соработка со сите заинтересирани страни вклучени во Групата.

Г-ѓа Виола Богдани, Претседател на Групата на заинтересирани страни за прекуграничниот регион “Преспа”, му се заблагодари на домаќинот на 18-тата средба, Општината Ресен, за топлото гостопримство и се заблагодари на сите учесници за нивното присуство. По поздравниот говор Проектниот Менаџер на SWG ја презентираше програмата на состанокот, фокусирајќи се на секоја сесија и темите за кои ќе се дискутира.

## ***<u>Сесија 1</u>***

### Презентација и дискусија за новата фаза на АБД финансирана преку проектот на Европска Унија "Регионална соработка и вмрежување во областа на земјоделството, руралниот и економскиот развој на прекуграничните области"

Сесијата започна со презентација на г-динот Дамјан Сурлевски, Проект Менаџер во SWG, кој даде преглед на новата ABD 5 фаза од проектот поддржан од страна на Европската Унија, "Регионална соработка и вмрежување во областа на земјоделството, руралниот и економскиот развој на прекуграничните области ". Презентацијата беше фокусирана на општите и специфичните цели на проектот поврзани со имплементација на ABD пристапот и имплементацијата на идните активности во текот на новата фаза на проектот. Оваа фаза од проектот, финансиран од Европска Унија "Регионална соработка и вмрежување во областа на земјоделството, руралниот и економскиот развој на прекуграничните области" за прекуграничниот регион “Преспа” ќе вклучи спроведување на активности како што се регионалните настани “Луѓе за Луѓе”, работилници за градење и подигнување на капацитетите на заинтересираните страни, помош при подготвување на проектни апликации, редовни состаноци на заинтересираните страни, како и активности за подобрување на соработката и вмрежувањето помеѓу корисниците на ИПА II, со цел да се забрза процесот на пристапување на земјите од Западен Балкан во полето на земјоделството и руралниот развој.

# ***Сесија 2***

## Информативна сесија за резултатите од повикот Луѓе за Луѓе за прекуграничен регион "Преспа" и Работни групи поврзани со иницијативата за кластери во прекуграничниот регион "Преспа"

Презентацијата започна со преглед на повикот Луѓе за Луѓе, за четирите региони: "Дрина - Тара", "Дрина - Сава", "Шара" и "Преспа". Во текот на презентацијата беа дадени дополнителни информации во врска со процесот на оценување и главните резултати од отворениот повик за поддршка на настани "Луѓе за Луѓе". Вкупно седумдесет и четири (74) апликации беа доставени за сите четири региони. Што се однесува до прекуграничниот регион “Преспа”, поднесени се единаесет (11) апликации. По процесот на евалуација, само шест (6) проекти од регионот на “Преспа” ги освоија потребните бодови за финансиска поддршка. Во меѓувреме, поради недоволни средства за поддршка, четири (4) апликации кои го имаат поминато процесот на евалуација и ги имаат освоено потребните бодови, беа ставени на листа на чекање со можност за идна поддршка. Само една (1) апликација од Преспанскиот регион не успеа да ги добие потребните поени за финансиска поддршка по процесот на оценување.
Освен презентацијата беше отворена дискусија фокусирана на напредокот на двете работни групи како дел од иницијативата за формирање кластери за развој на прекуграничниот регион “Преспа”, со приоритет на земјоделството и туризмот. Презентацијата ги опфати главните активности кои досега се организирани од двете работни групи и планираните идни активности во врска со нивниот акционен план. За време на отворената дискусија беше предложено да има нова иницијатива во врска со зачувувањето на биолошката разновидност и да се спојат со иницијативата група на кластери за преработка на јаболка. Покрај тоа, беше предложено тие потенцијално да создадат стратешки документ и да ги посочат приоритетите за овој регион.
Што се однесува до иницијативата за формирање кластер за туризам, беше нагласено дека областа на животната средина и туризмот станува актуелна, заедно со културното наследство. Дел од оваа иницијатива е да се соберат сите организации и иницијативи кои работат во зачувувањето на прекуграничниот регион. Создавањето и консолидирањето на работна група во туризмот е неопходно за регионот на Преспа.
Истотака беше истакнато дека овие две работни групи се многу добри иницијативи за заинтересираните страни кои можат да им помогнат да ја зголемат пошироката прекугранична соработка и да создадат можности за понатамошен развој на регионот. Исто така, е истакнато дека Единица за управување со проекти Преспа и SWG ќе ги поддржи овие кластерски иницијативи во регионот и ќе се обиде да најде дополнителни средства за финансиска поддршка на идните активности на две работни групи.

# *Сесија 3*

## Информативна сесија за резултатите од АБД Грантовата шема во рамките на проектот LEIWW

Сесијата започна со презентација на г-дин Дарко Бужаровски, Регионален Менаџер за прекуграничниот регион “Преспа”, кој даде преглед на имплементацијата на АБД Грантовата шема во рамките на проектот LEIWW во прекуграничниот регион “Преспа”. Во текот на презентацијата беа дадени општи информации за резултатите од првиот и вториот повик во прекуграничниот регион “Преспа”. Во првиот повик за доставување предлог проекти, беа поднесени 5 (пет) апликации, со еден корисник беше склучен договор, но проектот беше откажан поради лични причини на корисникот. Во текот на вториот повик за доставување на предлог проекти во прекуграничниот регион “Преспа”, вкупно 19 (деветнаесет) апликации беа поднесени, од кои 10 (десет) апликации успеаа да го поминат процесот на евалуација беа поддржани, дополнително 1 (една) апликација која го помина процесот на евалуација и ги имаше потребните бодови, по обезбедување на дополнителни средства беше финансиски поддржана. Вкупно 11 (единаесет) апликации беа финансиски поддржани во рамките на грантовата шемата во прекуграничниот регион “Преспа”. Исто така, беше нагласено дека поднесените апликации генерално се фокусираат на секторите земјоделство и туризам.
За време на отворената дискусија беше нагласено дека спроведувањето на грантовата шема претставува добра можност за подобрување на условите за водење на бизнис и придонесуваат кон подобрување на интегрираниот економски развој на Преспанскиот регион. Покрај тоа, беше предложено во иднина да се зголеми учеството на деловниот сектор и истиот активно да се вклучи во групата на заинтересираните страни.

# *Сесија 3*

## Заклучоци и идни активности

На последната сесија беа извлечени следните заклучоци:

- Оваа фаза од проектот финансиран од стана на Европската Унија: "Регионална соработка и вмрежување во областа на земјоделството, руралниот и економскиот развој на прекуграничните области", за прекуграничниот регион “Преспа” ќе опфати спроведување на активности како што се регионалните настани Луѓе за Луѓе, работилници за градење и подобрување на капацитетите на засегнатите страни, помош при подготвување на проектни апликации, редовни состаноци на засегнатите страни, како и активности за подобрување на соработката и вмрежувањето помеѓу корисниците на ИПА II, со цел да се забрза процесот на пристапување на Западен Балкан во Европската Унија, во полето на земјоделството и руралниот развој;
- За време на отворениот повик за финансиска поддршка за настаните Луѓе за Луѓе, 11 (единаесет) апликации беа доставени во прекуграничниот регион “Преспа”. По процесот на евалуација за финансиска поддршка, 6 (шест) апликација успеаа да ги освојат неопходните бодови за идна финансиска поддршка и поради недоволни финансиски средства, 4 (четири) проектни апликации кои го поминаа процесот на евалуација и ги имаа потребните поени,

беа ставени на листа на чекање за идна можна финанскиска поддршка. Само 1 (една) апликација во прекуганичниот регион "Преспа" не успеа да ги добие потребните поени за финансиска поддршка по процесот на евалуација;

- Двете работни групи формирани во регионот се многу добри иницијативи на заинтересираните страни кои можат да им помогнат да ја зголемат пошироката прекугранична соработка и да создадат можности за понатамошен развој на регионот. Исто така, беше предложено да се вметне нова иницијатива во врска со зачувувањето на био-диверзитетот и да се спои со иницијативата за кластери потточно со групата за обработка на јаболка. Групата потенцијално може да создаде стратешки документ и да ги посочи приоритетите за овој регион;
- Единицата за управување со проекти и SWG ќе ги поддржи кластерските иницијативи во регионот, утврдени со главните приоритети за развој на прекуграничниот регион "Преспа", како што се земјоделството и туризмот и ќе се обидат да најдат дополнителни средства за финансиска поддршка на идните активности на овие две иницијативи на работните групи;
- Поднесените апликации во прекуграничниот регион "Преспа" генерално се фокусираат на секторите земјоделство и туризам. Вкупно 11 (единаесет) апликации беа финансиски поддржани во рамките на грантовата шемата во прекуграничниот регион "Преспа". Беше истакнато дека имплементирањето на грантовата шема беше добра можност да се подобрат бизнис условите и интегрираниот економски развој на прекуграничниот регион "Преспа";
- Беше сугерирано дека во иднина учеството на бизнис секторот во групата на заинтересираните страни треба да биде зголемен и истиот да земе активно учество во самата група;
- Единицата за управување со проекти во прекуграничниот регион "Преспа" и SWG и понатаму ќе продолжи да служи како информативна центар, каде што членовите на групата на заинтересирани страни ќе ги добијат сите потребни информации за нови повици за предлог проекти и програми. Тие ќе продолжат да ја поддржуваат подготовката на апликации за различни повици за поднесување на проектни предлози и ќе обезбедат можни партнери за тековните IPA CBC програми во регионот и други отворени повици.

Подготвено од страна на:

Етлева Тимо, Регионален Координатор за прекуграничниот регион "Преспа"

Дарко Бужаровски, Регионален Менаџер за прекуграничниот регион "Преспа"

*This document has been produced with the financial assistance of the European Union. The contents of this document are the sole responsibility of the SWG RRD and can under no circumstances be regarded as reflecting the position of the European Union.*